Врз основа на член 29 од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на Република Македонија" бр.11/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20 и 224/24) и член 26 од Одлуката за комунален ред во Град Скопје ("Службен гласник на Град Скопје" бр.08/14,04/19, 07/19,1/21,11/25,13/25 и 04/26), постапувајќи по барање на **СПЕКТАРТЕРМО ДОО** за сечење на дрва Градоначалникот на Град Скопје, донесе

## **Р Е Ш Е Н И Е**

1. **СЕ ОДОБРУВА** да се изврши сечење на урбано зеленило ( останато зеленило ) на 3 (три) дрва (липа, орев и смрча) што се наоѓаат **на бул."Македонска војска" КП 8849/12, КП 8871/2, КП 8872/3, КП 8872/4,КП 8865, КП 8864/2, КП 8862/3, КП 8861/2, КП 8860, КП 8862/4, КП 8856/2, КП 8859, КП 8854/2, КП 8855/5, КП 8853, КП 8866, КП 8852, КП 8851, КП 8868, КП 8870, КП 8867, КП 8849/11, КП 8850/3 и КП 8858/2 КО Ѓорче Петров – Скопје.**
2. Сечењето на дрвата да го изврши и организира барателот најдоцна во рок од 30 дена од денот на правосилноста на решението.
3. Сечењето на дрвата да се изврши стручно и на соодветен начин како би се одбегнале евентуални материјални и други штети. Евентуално причинетата штета ќе биде на товар на барателот.
4. Се обврзува барателот во рок од 30 дена по реализација на точка 1, од ова решение да изврши компензациско садење на 3 (три) дрва постари од 6 години на иста парцела каде што е извршено сечењето, а доколку тоа не е можно во пречник од 500 м од исечените стебла.

## **О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

**СПЕКТАРТЕРМО ДОО, ул."Козле" бр.156 - Скопје,** поднесе барање до Град Скопје – Сектор за комунални работи при администрацијата на Град Скопје заведено под бр.**14-6/582** од **09.07.2026** година за сечење на дрвата што се наоѓаат **на бул."Македонска војска" КП 8849/12, КП 8871/2, КП 8872/3, КП 8872/4,КП 8865, КП 8864/2, КП 8862/3, КП 8861/2, КП 8860, КП 8862/4, КП 8856/2, КП 8859, КП 8854/2, КП 8855/5, КП 8853, КП 8866, КП 8852, КП 8851, КП 8868, КП 8870, КП 8867, КП 8849/11, КП 8850/3 и КП 8858/2 КО Ѓорче Петров – Скопје.**
Службено лице од Град Скопје и службеникот од ЈП "Паркови и зеленило"-Скопје го разгледаа барањето и извршија непосреден увид на посочената локација. Утврдено е дека дрвата предмет на барањето пречат при изведба на градежни работи односно изградба на станбена зграда. Исто така барателот располага со правосилно одобрение за градба Бр.уп1бр.11-2157 од 01.06.2026 година издадено од Општина Ѓорче Петров.
Согласно член 10 а во врска со член 1 став 2 од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на Република Македонија" бр.11/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20 и 224/24) останато зеленило се зелените површини или земјиштето наменето за озеленување, кои претставуваат придружна содржина на други основни намени, а се во сопственост на физички и правни лица, или дадени на нивно користење.
Согласно член 11 став 1 точка 1 од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на Република Македонија" бр.11/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20 и 224/24) зелените површините покрај објекти за домување (станбени куќи, станбени згради и друго) се сметаат за тип на останато зеленило.
Согласно член 14 од горе наведениот закон ,подигање, одржување и реконструкција на останатото зеленило, кое е дел од градежна парцела со одредена намена, врши правно

или физичко лице, сопственик или корисник на таа градежна парцела, во согласност со овој закон.
Во член 29 став 2 од наведениот закон стои дека врз основа на поднесеното барање општината или Градот Скопје се должни да донесат решение со што ќе ја утврдат потребата за сечење, односно кастрење на оштетеното дрво, и на видливо место се обележува дека дрвото е за сечење или кастрење со црвена боја на височина од 130 сантиметри (сечење: „С“ или кастрење: „К“).
Согласно член 36 од горе наведениот закон со решението за сечење на дрва се утврдува обврската на подносителот на барањето, да изврши компензациско садење со соодветен број дрва чиј збирен пречник одговара на пречникот на пресеченото дрво, при што новите дрва треба да бидат постари од шест години.
Во став 3 од истиот член стои дека компензациското садење се врши на истата парцела, а ако тоа не е можно, во пречник од 500 м од местото на исеченото стебло, на сопствена или туѓа парцела, со писмена согласност на сопственикот на парцелата.
Во конкретниот случај овој орган има утврдено дека се работи за останато зеленило и е одлучено дека дрвата треба да се исечат при што на барателот му е наметнато компензационо садење.
Поради се горе наведеното е одлучено како во диспозитивот.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе жалба до Министерство за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од приемот.

Број **14-6/582/2**
**29.07.2026** година
Скопје

**Доставено до:** Барателот и Архива

Изработил:
**Игор Трпковски**

Раководител на одделение
**Емил Дуровиќ**

Раководител на сектор
**Зоран Лапевски**

Секретар на Град Скопје
**Славче Трпески**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ГРАД СКОПЈЕ-СКОПЈЕ
QYTETI I SHKUPIT-SHKUP
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT